фии на загинатите припадници на бившата југословенска армија во априлската војна 1941 година, вкупно 11 лица.

Во четвртиот дел се дадени жртвите на фашистичкиот терор во тој крај. Тука се изнесени биографски податоци без фотографии на 124 лица. Посебно паѓа в очи огромниот број загинати од селото Радолиште, каде што германските крвници застрелале или на друг начин убиле 82 лица, меѓу кои и многу жени и деца, на 28 септември 1944 година.

Така од вкупно учесници во НОВ и Народната револуција над 1300, од Струга и Струшкиот крај, за време на окупацијата и во војната ги загубиле своите животи вкупно 335 лица, кое за таа мала и сиромашна општина претставува голем и скапоцен придонес во општата борба на сите југословенски народи и народности и цврст камен-темелник на братството и единството и залог и факел на слободата и среќната иднина.

Б. Ц.

**Зографски Г. Тодор и Зографски А. Димче — КПЈ и ВМРО (ОБЕДИНЕТА) ВО ВАРДАРСКА МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ 1920—1930 — Институт за национална историја, Скопје 1974, 288.**

Мемоарската литература кај нас се збогати уште со една книга во која се собрени сеќавањата на Тодор Г. Зографски и Димче А. Зографски.

Иако сеќавањата воопшто се запишување на личните доживувања на авторите и давање карактеристика и толкување на личности и настани од личен аспект, тие во себе содржат и доста историски факти за расветлување на настаните од времето и средината во која живеел и работел авторот. Тоа е карактеристично и за овие сеќавања.

За одбележување е дека сеќавањата на двајцата автори се однесуваат на еден период од нашето минато, за кој таков вид литература е мошне ретка. Тоа се годините кога македонскиот народ, по Првата светска војна, се најде поделен меѓу трите балкански монархии, но и кога Октомвриската социјалистичка револуција во СССР му отвори нови перспективи за решавање на неговото национално прашање, во заедничка борба со најнапредните општествени сили. Во исто време, тоа се и оние години кога КПЈ се залагаше за прифаќање на една правилна национална политика. По Првата светска војна, односно од нејзиното создавање до донесување на Обзнаната и Законот за заштита на државата, таа дејствуваше како легална политичка партија и ги имаше симпатиите на широките народни маси во Македонија. По донесување на споменатиот закон, КПЈ мораше да се прилагоди на илегална работа. Известно легално раздвижување на партиското членство се појави со создавањето на НРПЈ во тек на 1923 година. На политичката сцена во Македонија во 1924 година се појави илегалната национално-револуционерна организација ВМРО (Обединета).

Токму на тие години од 1920—1929 година и настаните во нив,

се однесуваат сеќавањата на Годор Г. Зографски и Димче А. Зографски, двајцата активни членови на Комунистичката партија и членови на ВМРО (Обединета) во овој дел на Македонија.

Сеќавањата се изнесени хронолошки и поодделно за определен период и настан. Самата книга е поделена на два дела.

Првиот дел носи наслов „Од дејноста на КПЈ и НРПЈ (1920—1924)" стр. 9—130. Во него се изнесени сеќавањата на авторите од пролетта 1920 година, кога Тодор Зографски се враќа од Бугарија и се населува во Велес, а Димче Зографски во Штип. Бидејќи тие живееја и работеа во различни места на Македонија, одделно ги изнесуваат сеќавањата за активноста на КПЈ и НРПЈ во градовите каде што се наоѓаа тогаш.

За време на подготовките и одржувањето на општинските избори и изборите за Конституантата, Тодор Зографски се наоѓа во Велес и ги изнесува своите сеќавања за тие настани. Димче Зографски за истиот период и за истите настани зборува за Штип. Последиците од Обзнаната и Законот за заштита на државата, како и илегалната работа на членовите на Партиските организации во Велес и Штип, исто така најдоа место во сеќавањата.

За одбележување е дека Димче Зографски во сеќавањата за 1921—1924 година ја изнесува вонредно тешката положба на целата Брегалничка област, создадена од навлегувањето на врховистичките чети на „ВМРО" од Бугарија и од државниот противтерор при гонењето на тие чети.

Во првиот дел, исто така, се објавени сеќавања за дискусијата во Партијата по националното прашање пред Третата партиска конференција.

Во вториот дел на сеќавањата „ВМРО (Обединета) и КПЈ во Македонија" (133—268), поголемо внимание ѝ е посветено на работата на ВМРО (Обединета) во Вардарска Македонија од нејзиното создавање до провалата во јуни 1929 година. Авторите заеднички ги изнесуваат своите сеќавања за настаните поврзани со подготовките и создавањето на првите групи врз база на Мајскиот манифест и работата на ВМРО (обединета) до есента 1926 година.

Димче Зографски ги завршува своите сеќавања со неговото затворање, по атентатот на генерал Ковачевиќ, во октомври 1927 година во Штип.

Тодор Зографски ги продолжува своите сеќавања за работата на раководството на ВМРО (обединета) и за партиската активност во Скопје, каде што живее по 1926 година и за работата на ВМРО (об) во Велес.

Воведувањето на монархофашистичката диктатура ја отежнува работата на ВМРО (об). Од друга страна, и појавата на провокатор во самото раководство на таа организација придонесува за нејзино раскривање и за апсење на нејзиното раководство и прилично голем број од нејзините членови и симпатизери. Тодор Зографски ги завршува сеќавањата со големиот процес, одржан над членовите на ВМРО (об) пролетта 1930 година во Велес.

Сеќавањата и на двајцата автори за работата на ВМРО (об) се дотолку поинтересни, бидејќи

тие беа членови на раководството за Вардарска Македонија.

На крајот на сеќавањата се објавени и заеднички забелешки и оценки за работата и улогата на ВМРО (об).

Именскиот и географскиот регистар на крајот на книгата му го олеснуваат на читателот користењето на сеќавањата.

Д. П.

**POLITIČKI ŽIVOT JUGOSLAVIJE 1914—1945, Zbornik radova, Beograd 1974, 599 str.**

Неодамна во издание на Третата програма на Радио Београд излезе од печат Зборник на трудови „Политичкиот живот на Југославија 1914—1945". Во Зборникот во суштина се објавени трудовите од одржаниот тридневен собир на историчари во март 1973 година под наслов „Политичкиот живот на Југославија од 1914 до 1945", а во редакција на Иницијативниот одбор, кој го сочинуваат Драгослав Јанковиќ, Перо Морача, Бранко Петрановиќ и Тодор Стојков. Уредник на Зборникот е Александар Ацковиќ.

Зборникот е поделен на три дела: Првата светска војна и создавањето на Југославија, Југославија од 1918 до 1941 и Втората светска војна.

Во првиот дел — Првата светска војна и создавањето на Југославија се објавени прилозите од следниве автори: Милорад Екмечиќ: Судбината на југословенската идеја до 1914; Драгослав Јанковиќ: Србија и создавањето на Југославија; Новица Ракочевиќ: Црна Гора и обединувањето; Богдан Кризман: Хрватските странки спрема обединувањето и создавањето на југословенските држави; Јанко Плетерски: Словенечките политички странки спрема светската војна и југословенското прашање; Момчило Зечевиќ: Словенечките политички странки спрема создавањето на југословенската држава; Драгован Шепиќ: Југословенското прашање во политиката на Сојузниците; Драган Живоиновиќ: Светата столица и создавањето на југословенската држава; Богдан Кризман: Прашањето на границите на Кралството СХС по Првата светска војна.

Во вториот дел Југославија од 1918 до 1941 се објавени следниве прилози: Андреј Митровиќ: Надворешно-политичка доктрина на новосоздадената југословенска држава; Славољуб Цветковиќ: Идејните борби во КПЈ во дваесеттите години; Тома Миленковиќ: Социјалреформистичкото движење во југословенските земји (1917—1929); Бранислав Глигоријевиќ: Парламентарниот систем во Кралството СХС (1919—1929); Тодор Стојков: Внатрешната политика на владеачките кругови во Југославија (1929—1939); Живко Аврамовски: Политиката на големите сили на Балканот (1933—1939) и Перо Дамјановиќ: Борбите за револуционерна марксистичка партија — услов на победата во револуцијата;

Во третиот дел, Перо Морача е автор на прилогот: Процесот на конституирањето на политичката